Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), Советот на општина Берово на седницата одржана на 27.12.2002 година донесе,

# С Т А Т У Т
# НА ОПШТИНА БЕРОВО

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат надлежноста на општина Берово и нејзините органи и тела, облиците на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, организацијата и делокругот на работа на органите на општината,општинска администрација, акти кои органите на општината ги донесуваат во вршење на надлежноста на општината, надзорот над работата на органите на општината,сопственоста на општината и финансирањето на општината, распуштањето на Советот на општината, механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија, месната самоуправа, заштита на правата на општината, употреба на грбот на општината и други прашања од значење на општината.

**Член 2**

Општината Берово (во понатамошниот текст-Општина) е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа во областите утврдени со Уставот, Законот за локална самоуправа, другите закони и овој Статут.

Граѓаните на Општината го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на Општината.

**Член 3**

Граѓаните на Република Македонија кои имаат постојано место на живеење на подрачјето на општината се жители на општина Берово.

Подрачјето на општина Берово е утврдено со Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.49/96) и ги опфаќа подрачјата на населените места: Берово, Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Митрашинци, Русиново, Ратево и Смојмирово.

**Член 4**

Седиштето на општина Берово е во Берово, улица "Димитар Влахов" бр.10.

**Член 5**

Општината е правно лице.

**Член 6**

Општината има право на сопственост.

**Член 7**

Општината има грб кој е во кружна форма. Во кругот симетрично е растворена книга, како симбол на образованието, што е основа на прогресот на Општината.

Од центарот на кругот се поставени два полупречника што ги претставуваат планините во Општината како главна географска карактеристика на Општината.

Во средината на воздушниот простор кој го претставува исечокот на кругот што го формираат планините, се наоѓа бор-симбол на шумското богатство на Општината.

Реката и акумулационото езеро се наоѓаат во средината на грбот. Оградата на езерото е во вид на лента украсена со орнаменти што го претставуваат малешевскиот фолклор.

На десната страна од кругот е сместен приказ на манастирскиот комплекс “Свети Архангел Михаил” духовно-образовен симбол на Малешевијата.

Индустријата е претставена со запалник на кој е испишано името на општинскиот центар-Берово и се наоѓа под половината од кружната форма.

Од левата и десната страна на кругот се претставени гранки од листови и жито како симбол на овоштарството и земјоделието во Општината.

**Член 8**

Општината има знаме кое е во правоаголна форма во соодност на должина и ширина 2:1. Во горната половина-квадрат, во точката на пресекот на квадратните дијагонали е центарот на кругот, грбот на општината. Пречникот на кругот е една половина од ширината на знамето.

Знамето е во сина боја, а отпечатокот на грбот во црвена боја.

**Член 9**

Општината има печат со тркалезна форма со пречник од 3 см. во чија средина се наоѓа грбот на република Македонија и на чии рабови е испишано “Република Македонија-Општина Берово”.

Печатот што го употребува Советот на општината, во вториот ред има натпис “Совет на Општината”.

Печатот што го употребува Градоначалникот во вториот ред има натпис “градоначалник”.

**Член 10**

Празник на Општината е 23 Август-денот на ослободувањето на Берово и општината.

**Член 11**

По повод празникот на Општината , Советот на Општината по предлог на Комисијата за одликување и признанија доделува Плакета “23 Август”.

Условите и начинот на доделувањето на Плакетата се определуваат со Одлука за условите и начинот на доделувањето на Плакетата “23 Август”.

**Член 12**

Општината со одлука донесена од страна на Советот, може да се здружува во здруженија во согласност со закон.

**Член 13**

Општината соработува со општините во Републиката и со единиците на локална самоуправа на други земји во согласност со надворешната политика на Република Македонија и може да членува во меѓународни организации за локалната власт.

Општината може да здружува средства и да формира заеднички служби, јавни претпријатија и јавни служби со други општини во републиката, заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи врз основа на акт за здружување.

Целите услови и институциите на соработка, заемните права и должности, правните и организационите прашања, финансиските односи и начинот на решавање на споровите кои произлегуваат од односите од став 2 на овој член, се уредуваат со акти на здружување на средства и формирање на заеднички организации, јавни служби и јавни претпријатија.

**Член 14**

Органите на општината, како и телата на Советот и јавните служби се должни да ги информират граѓаните за својата работа и плановите за развој, како и да им овозможат пристап до информациите на начин уреден со овој Статут.

## II. НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 15**

Општината самостојно во согласност со Закон и со овој Статут ги уредува и управува со работите од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт

**Член 16**

Општината е надлежна за вршење на следните работи:

1. Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата, во смисла на превземање мерки за заштита и спречување од загадувањ на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачко зрачење ;
3. Локален економски развој во смисла на негово планирање, утврдување на развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на мали и средни претпријатија и на претприемиштвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставување и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
4. Комунални дејности во смисла на снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одведување и третман на атмосферски води, одржување на јавната чистота,собирање, транспортирање и постапување со комуналниот отпад, уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, снабдување со природен гас и топлинска енергија, одржување на гробови, гробишта, крематориуми и давање на погребални услуги, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот, изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација, изградба и одржување на јавниот простор за паркирање, отстранување на непрописно паркирани возила, отстранување на хаварисани возила од јавни површини, изградба и одржување на пазарите, чистење на оџаците, одржување и користење на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативни површини, реглација, одржување и користење на речните корита во урбанизираните делови, определување на имиња на улици, плоштади и мостови и други инфраструктурни објекти ;
5. Културата во смисла на институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни, специфични форми на творештво ;
6. Спорт и рекреација- во смисла на развој на масовниот спорт и рекреативни активности, организирање на спортски проредби и манифестации, поттикнување, поддршка на спортски сојузи, одржување и изградба на објекти за спорт,
7. Социјална заштита и заштита на децата- во смисла на финансирање, инвестиции, одржување на детски градинки, домови за стари и нивна сопственост, остварување на социјални грижи за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа, децата од еднородителски семејства, деца со

воспитно-социјални проблеми, деца со посебни потреби, децата на улица, лицата изложени на социјален ризик, лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст,во согласност со Национална програма.

8. Образование- во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни учулишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;
9. Здравствена заштита-управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарната здравствена заштита во кои треба да се вклучат претставници на локалната самоуправа во сите нивни одбори, унапредување на здравјето, здравствено воспитување, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор над животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби и други области кои ќе бидат утврдени со закон;
10. Спроведување на подготовки и превземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи;
11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
12. Надзор на вршењето на работите од нејзина надлежност;
13. Други работи определени со закон.

**Член 17**

Работите од член 16 од овој Статут се уредуваат со прописи на општината во согласност со закон.

Работите од член 16 на овој Статут кои задолжително ќе ги извршува општината, ќе бидат определени со посебните закони и национални програми.

**Член 18**

Работите кои не се исклучени од надлежност на општината или не се во надлежност на органите на државната власт се определуваат со одлука на Советот на општината.

Со одлуката од став 1 на овој член се уредува начинот и постапката за вршење на тие работи.

## III. <u>ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА</u>

**Член 19**

Органи на општината се:Советот и Градоначалникот.

Советот на општината ги врши следните работи:

1. Донесува Статут;
2. Донесува Деловник на општината;
3. Донесува Програма за работа;
4. Донесува Буџет и Годишна сметка на општината;
5. Ги утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;
6. Донесува Генерален урбанистички план;
7. Донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација за населено место од општината;
8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште;
9. Донесува програма за одржување на сообраќајна сигнализација;
10. Донесува Одлука за регулирање на режимот на сообраќајот;

11. Донесува прописи од областа на заштита на животната средина и природата, локален економски развој, култура, спорт и рекреација, социјална заштита и заштита на децата, образование, здравствена заштита, противпожарна заштита, во рамките на надлежностите определени со посебен закон или во согласност со националната програма.
12. Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици,
13. Донесува Програма за јавно осветлување;
14. Донесува Програма за изградба, одржување и реконструкција на локални водоводи;
15. Донесува Програма за одржување на јавна чистота;
16. Донесува Програма за одржување и користење на паркови и други јавни површини од локално значење;
17. Донесува Програма за одржување на гробишта;
18. Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја;
19. Донесува Одлука за јавна чистота;
20. Донесува Одлука за начинот на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај;
21. Донесува Одлука за одржување и користење на јавни пазаришта;
22. Донесува Одлука за начинот на користење и одржување на јавниот простор за паркирање;
23. Донесува Одлука за начинот на користење и одржување на гробиштата;
24. Го уредува начинот на чистење на оџаците;
25. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;
26. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на предлог на Градоначалникот;
27. Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа
28. Именува членови на управните одбори на јавните служби кои ги основа;
29. Усвојува програми за работа и финансиски планови за финансирање на јавните служби кои ги основала;
30. Одлучува за давање дозвола за вршење дејности од јавен интерес од локално значење во согласност со закон;
31. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби кои ги основала;
32. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
33. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на Буџетот на општината, во согл;асност со закон;
34. Го избира лицето кое раководи со Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината, во согласност со закон;
35. Го разгледува и усвојува Годишниот извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината, кој го доставува до министерот за внатешни работи и Народниот правобранител;
36. Може да дава препораки на раководното лице на Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;
37. Избира и разрешува претседател на Советот;
38. Формира постојани и повремени комисии;
39. Врши одделни овластувања во согласност со закон врз добрата од општа употреба и врз природните богатста на подрачјето на општината;
40. Востановува општински признанија и награди;
41. Дава мислење по предлог-законите кои се однесуваат на општината;
42. Врши други избори и именувања од своја надлежност;
43. Донесува други одлуки за работата од своја надлежност;
44. Врши у други работи.

**Член 20**

Општината врши работи и превзема активности од локално значење кои не се ставени во надлежноста на органите на државната власт.

Работите и активностите од став 1 на овој член се утврдуваат со Одлука на Советот на општината.

**Член 21**

Општината врши и определени работи од надлежност на органите на државната управа што ќе ги довери Републиката со закон.

Средствата за вршење на доверените работи ги обезбедува Републиката.

## IV. ОБЛИЦИ НА НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНАТА

**а) Граѓанска иницијатива**

**Член 22**

Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одредени акти или да реши одредени прашања од својата надлежност.

Граѓанска иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања.

Советот е должен во рок од 90 дена да расправа по иницијатива на граѓаните доколку истата е поддржана од најмалку 10% од избирачите на општината и да ги информира граѓаните за својата одлука.

Поддршката од став 3 на овој член се обезбедува со потписи на граѓаните.

За решенијата по поднесената иницијатива Советот ги информира граѓаните.

**б) Собир на граѓани**

**Член 23**

Собир на граѓани свикува градоначалникот по своја иницијатива, по барање на Советот или на барање од најмалку 10% од избирачите од општината или од нејзиниот дел за кој се однесува определеното прашање.

Собирот на граѓани може да се свика за подрачјето на Општината или за дел од Општината за кој се однесува определено прашање.

Барањето за свикување на собир на граѓани со потписи на заинтересираните граѓани се поднесува до градоначалникот.

Актот за свикување на собирот на граѓани се објавува во локалните средства за информирање и се истакнува на јавни места на вообичаен начин.

Од денот на објавувањето, односно истакнувањето на актот за свикување на собирот на граѓани до денот на неговото одржување, мора да изминат најмалку 5 дена.

**Член 24**

На собирот на граѓани во одлучувањето учествуваат граѓаните кои имаат избирачко право.

Собирот на граѓани го води градоначалникот или лице што ќе го овласти градоначалникот.

За прашањата за кои се расправа на собирот на граѓани известува градоначалникот, а по потреба и други овластени претставници на општинската администрација.

**Член 25**

Заклучоците донесени на собирот на граѓани, органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат и земат во предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

**в) Референдум**

**Член 26**

Референдум распишува Советот на општината по своја иницијатива за прашања од неговата надлежност.

Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите.

Барањето за распишување референдум се доставува до Советот на општината со потписи на заинтересираните избирачи дадени пред надлежниот орган кој води евиденција за избирачкото право на граѓаните од општината.

**Член 27**

По барањето за распишување на референдум Советот на општината во рок од 60 дена од поднесувањето на барањето донесува Одлука за распишување на референдум.

Одлуката за распишување на референдум содржи предмет на референдумот и денот на неговото одржување.

**Член 28**

Одлуката за распишување на референдумот се објавува во службено гласило и други средства за информирање во општината.

Од денот на објавувањето на Одлуката за распишување на референдумот до денот на одржувањето на референдум не може да поминат помалку од 15 дена, ниту повеќе од 60 дена.

**Член 29**

Право на гласање на референдумот имаат граѓаните кои имаат избирачко право.

Референдумот го спроведува Комисија за спроведување на референдумот.

Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Советот на општината.

**Член 30**

Комисијата за спроведување на референдумот:

- го спроведува времето на гласање;
- врши технички подготовки за спроведување на референдумот;
- ги определува гласачките места;
- ги утврдува резултатите од гласањето и
- се грижи за законито спроведување на референдумот.

**Член 31**

За спроведување на гласањето на референдумот, Комисијата на гласачките места формира одбори за спроведување на референдумот.

Одборите ја обезбедуваат правилноста и тајноста на гласањето.

**Член 32**

Времето на гласањето мора да се определи така што да им се овозможи учество на референдумот на сите граѓани што имаат право на глас.

На гласачкото место на кое гласале сите граѓани запишани во избирачкиот список, гласањето може да заврши и пред истекот на времето определено за гласање.

**Член 33**

Прашањето, односно актот што е предмет на референдумот мора да биде на соодветен начин изложено на гласачкото место.

Членовите на одборот се должни на граѓанинот што пристапил кон гласање, по негово барање да му дадат објаснување за предметот на референдумот и за начинот на гласање.

**Член 34**

На референдумот секој граѓанин има право само на еден глас.

Граѓанинот може да гласа само лично.

**Член 35**

На референдумот се гласа со гласачки ливчиња.

Содржината на гласачкото ливче мора да биде формулирано прецизно и недвосмислено, така што граѓанинот на референдумот да може да одговори со "за" или "против" предлогот.

**Член 36**

Граѓанинот на референдумот се изјаснува така што на гласачкото ливче го заокружува зборот "за" или "против".

Кога на референдумот се поставени повеќе алтернативи, граѓанинот се изјаснува така што го заокружува зборот "за" или "против" од алтернативата за која гласал.

**Член 37**

По завршувањето на гласањето одборот го утврдува резултатот од гласањето за гласачкото место и за тоа составува записник.

Формата и содржината на записникот ги пропишува Комисијата за спроведување на референдумот.

Веднаш по составувањето на записникот, одборот доставува извештај до Комисијата за спроведување на референдумот.

**Член 38**

Комисијата за спроведување на референдумот врз основа на примениот гласачки материјал од сите гласачки места го утврдува резултатот од референдумот.

Одлуката на референдумот се донесува со мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од половинта од вкупниот број избирачи.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна и се објавува во службеното гласило на општината.

Комисијата за спроведување на референдумот поднесува извештај за спроведениот референдум до Советот на општината.

**Член 39**

Прашањето, односно актот што на граѓаните не го прифатиле на референдумот, не може повторно да се изнесува на референдум пред истекот на шест месеци од денот на одржување на референдумот.

**г) Претставки и предлози**

**Член 40**

За работата на органите на општината и општинската администрација граѓаните имаат право поединечно или заеднички со другите да доставуваат претставки и предлози.

Претставките и предлозите се поднесуваат во писмена форма или усно на записник, поединечно или групно, до градоначалникот.

За претставките и предлозите не се плаќа такса.

**Член 41**

Градоначалникот на општината е должен најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот на подносителот да му достави образложен одговор.

Ако претставката или предлогот не се однесуваат на работа од надлежност на органите на општината, градоначалникот ги доставува до соодветниот надлежен орган и за тоа го известува подносителот.

**д) јавни трибини, анкети и предлози**

**Член 42**

Органите на општината, при донесување на прописи од својата надлежност претходно можат да организираат јавна трибина, да спроведат анкети или да побараат предлози од граѓаните.

Јавната трибина се организира кога се донесуваат прописи за прашања од локалниот економски развој, комунални потреби и други прашања од пошироко локално значење.

Анкета се спроведува за донесување на урбанистички планови и други прашања од локално значење.

Прибирање предлози од граѓаните за решавање на прашања од локално значење ќе се врши преку објавување на соопштение со кое ќе се повикаат граѓаните да даваат свои предлози.

Постапката, начинот и времето на превземање на некоја од активностите од ставот 1 на овој член, ќе се уреди со одлука донесена од органот кој ја организира.

## V. ОРГАНИЗАЦИЈА И ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### 1. Совет на општината

**Член 43**

Советот на општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на општината го сочинуваат 15 советници како претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Членовите на Советот се избираат за време од четири години во согласност со закон.

Членот на Советот не може да биде отповикан.

**Член 44**

Советот на општината избира претседател од редот на членовите на Советот со мандат од 4 години.

Претседателот на Советот ги свикува и раководи со седниците на Советот на општината, се грижи за организацијата и работата на Советот, ги потпишува одлуките и актите на Советот и ги доставува на градоначалникот заради прогласување и објавување.

**Член 45**

Членовите и претседавателот на Советот полагаат и потпишуваат свечена изјава која гласи:

"Јас (име и презиме) свечено изјавувам дека правата и должностите на член на Советот ќе ги вршам совесно и дека при нивното вршење ќе ги почитувам Уставот, законот, Статутот и одлуките на Советот и дека ќе го штитам уставниот поредок на Република Македонија".

**Член 46**

До донесувањето на закон со кој ќе се регулираат надоместокот за присуство на советниците на седници и надоместок на патните и днесвните трошоци,членовите на Советот ќе примаат надоместок за присуство на седници на Советот без оглед на нејзиното времетраење,најмногу до 30 % од просечната месечна нето плата во Република Македонија исплатена во последните три месеци,а надоместоците за патни и дневни трошоци ќе им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

**Член 47**

Советот на општината има секретар.

Секретарот на Советот ги извршува стручните, административните и организациските работи на Советот и неговите работни тела.

Секретарот на Советот ги координира активностите на управните и административните органи на општината кои вршат работи од надлежноста на Советот на општината.

**Член 48**

Советот на општината одлучува со мнозинство гласови од присутните членови на Советот, а најмалку со една третина од вкупниот број на членови на Советот, ако со овој Статутот не е предвидено посебно мнозинство.

Гласањето на седниците на Советот е јавно, освен ако Советот не одлучи за одделни прашања гласањето да е тајно.

**Член 49**

Вонредна седница на Советот се свикува за прашања од значење за безбедноста и сигурноста на граѓаните за прашања кои настанале поради вонредни околности (пожар, поплави, земјотреси и сл.) и при посета на делегација од друга земја кога истата сака да се обрати на членовите на Советот.

**Член 50**

Вонредната седница ја свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива, на предлог на најмалку 1/3 од членовите на Советот, на предлог на Градоначалникот.

Поканата за седницата со предложениот дневен ред се доставува до членовите на Советот на најбрз можен начин.

Пред отпочнување со работа членовите на Советот гласаат за оправданоста на причините за свикување на седницата, без материјална расправа.

**Член 51**

За претставување на прашањата од својата надлежност, Советот формира комисии.

Комисиите на Советот се формираат како постојани и повремени.

Мандатот на постојаните работни тела трае колку и мандатот на членовите на Советот.

**Член 52**

Постојани комисии на Советот на општината се:

- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина
- Комисија за општествени дејности
- Комисија за Статут и прописи
- Комисија за мандатни прашања, избор и именувања

Комисиите се составени од 5 членови на Советот на општината.

**Член 53**

Комисиите на Советот на општината:

- расправаат за прашања од областа за кои се формирани
- даваат мислење и предлози на Советот
- ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

**Член 54**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој на општината ги разгледува буџетот и завршната сметка на буџетот на општината, како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој .

**Член 55**

Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина ги разгледува генералниот и деталниот урбанистички план и друга урбанистичка документација и прашања од заштитата и унапредувањето на животната средина, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на градот и населените места.

**Член 56**

Комисијата за општествени дејности разгледува прашања од значење за развојот на мрежата и установи и дејности од областа на културата, спортот, социјалната и детската заштита, предучилишното образование, основната здравствена заштита, заштитата на живоните и билките и прашањата на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот како и противпожарната заштита.

**Член 57**

Комисијата за Статут и прописи го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измени на Статутот и ја следи примената на Статутот и ги разгледува началните прашања од статутарен карактер.

Комисијата за Статут и прописи го утврдува предлогот на Деловникот на Советот.

Комисијата за Статут и прописи подготвува мислења по предлог-законите кои се однесуваат на општината.

Комисијата за Статут и прописи разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на општината.

**Член 58**

Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања:

- разгледува и подготвува предлог за избор на претседател на Советот
- разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно-имунитетните прашања;
- разгледува и подготвува предлози за избор и именување и разрешување од надлежност на Советот на општината;
- определува плати, надоместоци и други примања на избраните и именуваните лица;
- дава предлог за висината на надоместокот на патните и дневните трошоци на членови на Советот на општината, како и на трошоците направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината;

Претседателот и членовите на Комисијата ги избира Советот на својата прва седница,веднаш по верификација на мандатите на членовите на Советот.

**Член 59**

Претседателот и членовите на комисиите ги избира Советот на општината по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување.

Предлогот за избор содржи онолку кандидати колку што се избираат членови на работните тела.

Политичките партии кои партиципираат во Советот на општината ќе бидат пропорционално застапени во вкупниот број членови на сите комисии.

Начинот на работа на комисиите и основањето на повремените комисии на Советот се уредува со Деловникот на Советот.

## 2. Градоначалник на Општината

**Член 60**

Градоначалникот ја претставува и застапува општината.

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од 4 години.

Градоначалникот својата функција ја извршува професионално.

**Член 61**

Градоначалникот во рамки на своите надлежности:

- иницира и предлага на Советот на општината донесување на прописи од негова надлежност;
- го обезбедува извршувањето на работите кои му се делегирани од органот на државната управа;
- го предлага Годишниот буџет и Годишната сметка на Буџетот на општината;
- го извршува Буџетот на општината;
- решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица во согласност со закон;
- раководи со општинската администрација;
- донесува Правилник за систематизација на работите и задачите на општинската администрација;
- одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
- донесува акти за организација и систематизација на работните места во управните и административните органи на општината;
- врши и други работи утврдени со закон и со овој Статут.

Градоначалникот има право да присуствува и учествува во работата на седниците на Советот.

**Член 62**

Градоначалникот ги објавува прописите на Советот во Службеното гласило на општината.

Градоначалникот на општината се грижи и превзема мерки и активности за навремено и квалитетно извршување на одлуките на Советот на општината.

**Член 63**

Ако градоначалникот смета дека прописот на Советот не е во согласност со Уставот и законите должен е во рок од 7 дена од денот на доставувањето,со решение да го запре неговото објавување,со кое ќе ги образложи причините за запирањето..

Примерок од образложеното решение за необјавување се доставува до претседателот на Советот.

Советот е должен решението од став 1 да го разгледа во рок од 15 дена  и да одлучи по него.

Ако Советот на општината го потврди прописот,или не расправа по него во рокот од став 2 на овој член, градоначалникот е должен да го прогласи прописот и истовремено да поднесе иницијатива за поведување постапка за оценка на уставноста и законитоста на оспорениот пропис пред Уставниот суд.

Градоначалникот е должен ако актот, односно одлуката од став 1 на овој член не се усогласуваат со Уставот и законот и по повторно разгледување од страна на Советот или ако Советот не го разгледа повторно актот односно одлуката во предвидениот рок, да ја извести Владата на Република Македонија за неуставноста и незаконитоста на актот односно одлуката во рок од 15 дена од денот на неговото донесување.

За иницијативата градоначалникот е должен да го информира министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа.

**Член 64**

Градоначалникот е должен да поднесе извештај за извршување на одлуките донесени од страна на Советот на секои три месеци во текот на годината.

За извршување на своите надлежности Градоначалникот го информира Советот по потреба,а најмалку два пати во годината.

**Член 65**

Градоначалникот управува со имотот на општината како добар домаќин.

Во управувањето со имотот на општината Градоначалникот е должен да превзема мерки и да го обезбдува користењето на имотот во согласност со закон.

**Член 66**

За време на спреченост или отсутност до шест месеци градоначалникот го заменува член на Советот на општината кој го назначува Градоначалникот.

За време на заменувањето на Градоначалникот,на членот на Советот на општината му мирува функцијата член на Советот.

Во рок од 60 дена од денот на презенањето на функцијата Градоначалникот е должен со решение да го определи членот на Советот кој би го заменувал.

Решението од став 3 на овој член се објавува во Службен гласник на општината.

За денот на настапување на спреченоста или отсуството ,Градоначалникот го информира Претседателот на Советот.

## СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**Член 67**

Советот на општината за разгледување на прашања и утврдување на предлози кои се одесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него,може да формира Совет за заштита на потрошувачите.

**Член 68**

Советот за заштита на потрошувачите е составен од пет члена од кои три се претставници на правните лица и два од редот на физичките лица,како корисници на услугите  што ги даваат јавните служби.

Членовите на Советот се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања,избори и именувања.

Мандатот на членовите на Советот за заштита на потрошувачите изнесува четири години.

**Член 69**

Советот за заштита на потрошовучите ја следи состојбата на квалитетот на услугите што ги даваат јавните служби,дава мислења и предлози за подобрување на квалитетот на услугите, организира јавни трибини, соработува со јавните служби и општинската администрација.

## ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 70**

За вршење на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација.

Општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

**Член 71**

Општинската администрација ги врши следниве работи:

- ги подготвува актите за Советот и градоначалникот;
- ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
- врши стручни работи за Советот и градоначалникот;
- го води сметководството на општината;
- ја следи проблематиката во областите од надлежност на општината, врши анализа на состојбата и дава иницијативи и предлози за нивно решавање;
- доставува информации и податоци во врска со активностите на општината на барање на надлежните органи или врз основа на законот;
- ракува со документите на општината и ги чува сé до нивното уништување, односно предавање во Државниот архив на Република Македонија;
- врши и други работи што ќе ги определи Советот или градоначалникот.

## VI. АКТИ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

### А)ОПШТИ АКТИ

**Член 72**

Статутот е основен акт на општината со кој се уредуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење за општината.

Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како Нацрт-Статут и Предлог-Статут.

Статутот на општината го донесува Советот со мнозинство гласови од вкупниот број членови на општината.

**Член 73**

Советот на општината донесува Деловник за работа на Советот, одлуки, планови и програми, решенија, заклучоци и други акти и дава мислење и утврдува насоки.

**Член 74**

Со Деловникот на Советот се уредува начинот на работа на Советот и неговите работни тела, постапката за одлучување и односите со другите органи.

Деловникот на Советот на општината се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број  членови на Советот на општината.

**Член 75**

Со одлука на Советот се уредуваат работите од локално значење на надлежност на општината.

Со одлука на Советот на општината се основа општинска администрација, го уредува начинот на нивно работење и ги основа јавните служби.

Со одлука Советот уредува и други прашања од својата надлежност.

**Член 76**

Советот донесува Заклучоци кога разгледува поодделни извештаи, информации и анализи.

Советот дава мислења и утврдува насоки за извршување на прописите и другите акти што ги донесува Советот на општината.

**Член 77**

Постапката за донесување на општите акти се уредува со Деловникот на Советот на општината.

Општите и други акти се објавуваат во службеното гласило на општината.

Општите акти стапуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а по исклучок што го утврдува Советот на општината со денот на објавувањето.

## Б) ПОЕДИНЕЧНИ АКТИ

**Член 78**

Советот и градоначалникот во рамките на својата надлежност донесуваат поединечни акти.

Советот донесува решенија за избор и именувања.

Градоначалникот донесува решение.

**Член 79**

За објавените акти се води посебна збирка,која може да ја користат граѓаните и истата ќе биде во секое време на увид.

**Член 80**

Владата соработува со општините за прашања што се нивни интерес и тоа за:

- законите што се однесуваат на општините;
- износот на општата дотација што треба да им се додели на општините во тековната календарска година;
- изворите на финансирање и надлежностите.

## В)СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА

**Член 81**

Сопственоста на општината ја сочинуваат неподвижни и подвижни ствари , парични средства и права.

Општината сопственоста ја стекнува од сопствени извори на приходи утврдени со закон, по пат на финансирање од страна на граѓаните или од нивно учество на друг начин, од подароци, наследства и по други основи.

**Член 82**

За купување, отуѓување и оптоварување на сопственоста на општината одлучува Советот на општината.

Отуѓувањето на сопственоста се врши само по пат на јавно наддавање,согласно закон.

Продажната цена на стварите не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.

Средствата добиени од продажбата на стварите може да се инвестираат само за стекнување на нови или реконструкција на постојни ствари во сопственост на општината.

Општината ја евидентира својата сопственост и нејзината промена се искажува во Годишната сметка.

**Член 83**

Општината се финансира од сопствени извори на приходи утврдени со закон,локални даноци,надоместоци и такси, дотации од државата, од средства за вршење на доверените работи и други извори на приходи утврдени со закон.

Општината во рамките на своите надлежности,самостојно располага со сопствените извори на приходи.

**Член 84**

Приходите и трошоците на општината се утврдуваат со Буџетот на општината.

Буџетот на општината содржи баланс на приходите и трошоците на Буџетот,а се однесува за фискална година од дванаесет(12)месеци која почнува од први јануари,а завршува на 31 декември од секоја календарска година.

**Член 85**

Предлогот на буџетот на општината го утврдува Градоначалникот и го доставува до Советот на општината за донесување ,не подоцна од средината на месец ноември.

Советот на општината не може да го разгледува предлогот на буџетот на општината пред истекот на дваесет дена од денот на доставувањето до советниците на Советот на општината.

**Член 86**

За секоја промена на буџетот на општината,за дополнително усвоени трошоци пропратено со мерки што ке ги зголемат предложените приходи или ќе ги намалат другите трошоци во сразмерен износ,одлука донесува Советот на општината.

**Член 87**

За покривање на непредвидените барања за трошоци кои ќе се појават во текот на Буџетската година,од вкупните тековни и капитални трошоци се издвојува Буџетска резерва,во висина утврдена со закон.

За користење на средствата од буџетската резерва одлучува Советот на општината по предлог на Градоначалникот на општината.

Советот на општината може со одлука може да го овласти Градоначалникот за начинот на користење на Буџетската резерва.

**Член 88**

Доколку Буџетот на општината за наредната година не биде донесен до 31-ви декември во тековната година,ќе се постапи согласно со законот за Буџетите и се воведува времено финансирање и тоа најдолго за шест месеци.

**Член 89**

На крајот на секоја фискална година се изготвува годишна сметка на Буџетот на општината.

Годишната сметка на Буџетот,Советот на општината треба да ја усвои најдоцна до 31-ви март во тековната година за претходната година.

**Член 90**

Извршувањето на Буџетот на општината го врши Градоначалникот, а поконкретно се уредува со одлуката за извршување на буџетот на општината.

## VII. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА

**Член 91**

Граѓаните во општината одлучуваат и за работите од непосредно и секојдневно значење од својот живот и работа преку облици на месна самоуправа кои можат да ги основаат согласно со овој Статут.

**Член 92**

Во општината како облици на месна самоуправа можат да се основаат: во градот урбани заедници и во другите населени места месни заедници.

**Член 93**

Иницијатива за основање облици на месна самоуправа можат да покренат најмалку 10% од граѓаните, жители од подрачјето за кое има интерес за основање на облик на месна самоуправа.

**Член 94**

Иницијативата за основање содржи: подносител, опис на подрачјето за кое се бара, основање на обликот на месна самоуправа, образложение за кое се бара основање на месна самоуправа, образложение на потребите за основање, потписи на заинтересираните граѓани, назив и седиште на обликот на месната самоуправа.

Иницијативата за основање се доставува до Советот на општината кој ја разгледува и оценува дали се исполнети условите и основани потребите за основање на месни самоуправи.

**Член 95**

Одлуката за основање на облик на месна самоуправа се донесува на Собир на граѓани од соодветното подрачје по пат на јавно гласање со мнозинство гласови од присутните граѓани кои имаат избирачко право.

**Член 96**

Граѓаните преку облици на месна самоуправа во согласност со овој Статут и одлуките за основање, се грижат за:

- решавање на прашањата од комунална инфраструктура за соодветното подрачје,
- изградба и одржување на објектите од јавен интерес (водовод, улици, културни домови, спортски објекти и др.),
- заштита на животната средина,
- уредување и одржување на гробиштата во селските населби,
- покренување иницијатива за уредување на просторот,
- организирање на културни, спортски и други манифестации,
- други работи од непосредно секојдневно значење за животот и работата на граѓаните,

Советот на облиците на месна самоуправа даваат иницијатива и предлози до надлежните органи на општината за праШања од областа на образованието, здравството, социјалната заштита и други прашања од интерес на граѓаните.

**Член 97**

Работите од член 95 на овој Статут се финансират од:

- средства кои што општината ќе ѝ ги отстапи на месната самоуправа согласно со плановите и програмите за развој,
- средства што граѓаните непосредно ги здружуваат,
- средства што ќе ги издвојат заинтересираните правни и физички лица,
- средства од надоместок за услуги и
- подароци и други средства.

**Член 98**

Орган на облиците на месна самоуправа е Советот.

Советот го избираат граѓаните од обликот на месна самоуправа на Собир на граѓани со јавно гласање доколку Советот не одлучи гласањето да биде тајно.

Советот е составен од 5 члена.

Мандатот на членовите на Советот на месна самоуправа трае 4 години.

**Член 99**

Одлука за распишување на избор на членови на Советот донесува Советот во стариот состав, најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот.

Ако одлуката од став 1 на овој член не се донесе во утврдениот рок, одлука за распишување избор на членови на Советот донесува градоначалникот на општината во рок од 15 дена.

**Член 100**

Предлагање и утврдување на кандидати за членови на Советот се врши на Собир на граѓани.

За утврдени се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство, односно најголем број гласови од присутните граѓани на собирот.

**Член 101**

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на Советот поблиску ќе се уреди со правилата за работа на обликот на месна самоуправа.

**Член 102**

За избрани членови на Советот се сметаат кандидатите кои добиле мнозинство, односно најголем број на гласови од избирачите кои гласале.

Советот од своите членови избира претседател кој го претставува и застапува обликот на месна самоуправа.

**Член 103**

Советот донесува правила со кои се уредува работата на обликот на месна самоуправа како и програма за работа по претходно мислење од Советот на општината.

**Член 104**

Општината може за реализација на одредени активности од програмата за работа на обликот на месна самоуправа да отстапи сопствени средства.

**Член 105**

Градоначалникот на општината со решение може да делегира на месната заедница вршење на определени работи од изворна надлежност на општината што се во непосреден интерес и секојдневното звачење за животот и работата на граѓаните на подрачјето на месната заедница.

Средствата за вршење на работите од став1 на овој член ги обезбедува општината.

**Член 106**

Општинската администрација ги врши стручните, административно-техничките и сметководствено-финансиските работи на органот на обликот на месна самоуправа.

Контрола над финансиското работење на облиците на месна самоуправа врши Општинската администрација.

## VIII. НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ГРБОТ И ЗНАМЕТО НА ОПШТИНАТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ПРОМЕНА

**Член 107**

Грбот и знамето на општината се утврдуваат со одлука на општината.

За утврдување на грбот и знамето на општината, Советот на општината распишува конкурс и образува комисија.

**Член 108**

Комисијата од пристигнатите трудови по објавениот конкурс утврдува предлог за грб, односно знаме на општината и ги донесува до Советот на општината на усвојување.

**Член 109**

Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот одлучува по предлогот на Комисијата.

Одлуката на Советот за утврдување на грбот, односно знамето на општината е составен дел на Статутот на општината.

**Член 110**

Грбот на општината може да се употреби во состав на печатот на општината.

Грбот на општината може да се употребува и на официјални покани, честитки и на слични акти што ги користат Советот и градоначалникот на општината.

Советот на општината може да одобри употреба на грбот на општината на физички и правни лица, ако оцени дека тоа е во интерес на општината.

**Член 111**

Знамето на општината се истакнува на зградата на Советот на општината и на видни места на општината.

Знамето на општината може да се истакнува и при меѓународни средби, натпревари и други собири на кои учествува или е репрезентирана општината.

**Член 112**

Грбот и знамето на општината не смеат да се употребуваат ако се оштетени или со својот изглед се неподобни за употреба.

## IX. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ОПШТИНАТА

**Член 113**

Барање за оцена на уставноста на законот и уставноста и законитоста на општите акти на министерствата и другите органи на државната управа со кои се нарушува уставната положба и правата на општината утврдени со Уставот и со закон, поднесува Советот односно градоначалникот на општината.

**Член 114**

Градоначалникот на општината има право да бара судска заштита пред надлежните судови кога на општината ѝ се попречува вршењето на дадените надлежности со Устав и Закон, со акти и активности на органите на државната управа и на Владата на Република Македонија.

## X. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНАТА

**Член 115**

Измени и допонувања на Статутот на општината можат да предложат најмалку ½ од членовите на Советот на општината, градоначалникот на општината или најмалку 10% од избирачите во општината.

**Член 116**

Одлука за пристапување кон измени на Статутот донесува Советот на општината со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

**Член 117**

Измените на Статутот на општината се донесени ако за нив гласале мнозинство од членовите на Советот на општината.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 118**

Одредбите од членовите 15, 16 и 17 од Статутот на општината ќе продолжат да се применуваат сé до донесување на посебните закони.

**Член 119**

Одредбите од членовите 43, 47, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60 став 3,91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100,101,102,103,104,105 и 106 ќе влезат во сила од наредните локални избори.

**Член 120**

Со денот на влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на општина Берово бр.08-90 од 16.05.1996 година.

**Член 121**

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Берово".

Бр.0701-112/1
27.12.2002 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседавач,
Шахпаски Владо, с.р.